Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија,претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

# УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2025 година.

Бр. 08-582/1 Претседател на Република

30 јануари 2025 година Северна Македонија,

Скопје Гордана Сиљановска-Давкова, с.р.

Претседател на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

## Член 1

Во Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 102/19 и 272/24), во член 18 став (1) точките 3), 5), 7), 8) и 20) се бришат.

Точките 4), 6), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 21), 22) и 23) стануваат точки 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17) и 18).

## Член 2

Во член 28 став (1) во точката 4) зборот „шест“ се заменува со зборот „пет“.

Точката 5) се менува и гласи:

„поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга и“.

## Член 3

Во член 29 став (1) во точката 2) зборот „Советот“ се заменува со зборовите:

„министерот кој раководи со министерството во чиј состав е државниот инспекторат во случаите предвидени со овој закон“.

Член 4

Во член 30 став (1) во точката 5) по зборот „инспекторатот“ се додаваат зборовите: „по овластување на министерот кој раководи со министерството во чиј состав е инспекторатот“.

Во точка 7) зборовите: „донесува акти“ се заменуваат со зборовите: „дава предлог на министерот кој раководи со министерството во чиј состав е инспекторатот“.

Член 5

Во член 35 во ставот (4) зборовите: „го разреши директорот“ се заменуваат со зборовите: „достави предлог до Владата за разрешување“.

Член 6

Во член 99 став (1) алинејата 1 се брише.

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- ако не го достави извештајот за работата на инспекциската служба од членот 26 став (1) точки 1) и 2) од овој закон, најдоцна до 31 јули, односно 31 јануари до министерството во чиј состав е државниот инспекторат, во електронска и во хартиена форма (член 35 став (2)).“.

Член 7

Директорите на инспекциските служби од членот 26 став (1) точка 1) од овој закон именувани до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 8

(1) Вработените, опремата, инвентарот и другите движни и недвижни ствари, документацијата (вклучувајќи ја и архивата), побарувањата и намирувањата на обврските, средствата за работа, како и сите права и обврски кои произлегуваат од склучените договори на инспекциските служби од членот 26 став (1) точка 1) од овој закон, настанати до денот на влегувањето во сила на овој закон, се преземаат во министерствата во чии рамки продолжуваат да работат како органи во состав без својство на правно лице.

(2) Правата и обврските предвидени во ставот (1) на овој член, министерствата се должни да ги преземат најдоцна во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“